# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен гласник на Општина Ѓорче Петров | 13 Мај . 2011 год. |
|---|---|
| Излегува по потреба | Скопје<br>Бр. 5 Год. VI |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. Правилник за доделување награди, пофалници и признанијана учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров..........................стр. 2

2. Одлука за измена Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров........................... стр. 9

3. Конкурс за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров..........................стр. 10


**Скопје, Мај 2011 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Правилник**
**за доделување награди, пофалници и признанија**
**на учениците и наставниците од основните училишта**
**во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Правилникот за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 13.05.2011 година.

**Број 08- 1276/1**
**од 13.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), член 1 од Одлуката за формирање на работно тело за изготвување на Правилник за доделување награди на учениците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров, Советот на Општина Ѓорче Петров на 38-та седница одржана на ден 13.05.2011 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Со наградите, пофалниците и признанијата се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците и наставниците и се дава признание за постигнатите резултати во воспитно-образовната дејност.

### Член 3

Наградите, пофалниците и признанијата се доделуваат на ученици и наставници од основните училишта во Општина Ѓорче Петров поединечно и групно за особени постигнувања и успешни резултати на општински, градски, државни и меѓународни натпревари во кои учениците и наставниците го претставувале училиштето или општината во тековната учебна година.

### Член 4

Наградите, пофалниците и признанијата ги доделува Советот на Општина Ѓорче Петров, а ги врачува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Наградите, пофалниците и признанијата се доделуваат по повод значајни датуми за Општината Ѓорче Петров.

## II. Постапка за доделување награди, пофалници и признанија

### Член 5

Постапката за утврдување на награди, пофалници и признанија ја спроведува Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров.

### Член 6

Наградите и признанијата се доделуваат врз основа на конкурс што се објавува во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" и интерен оглас што се објавува на огласна табла во секое основно училиште во Општина Ѓорче Петров.

Огласот се објавува во месец мај за тековната учебна година и трае 15 дена.

### Член 7

Учениците ги доставуваат пријавите до основното училиште во кое учат.

Наставниците ги доставуваат пријавите до основното училиште во кое имаат засновано работен однос.

### Член 8

Основните училишта во Општина Ѓорче Петров се должни во рок од 3 работни дена по истекувањето на огласот да ги достават пријавите до Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца.

### Член 9

Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца утврдува дали пристигнатите пријави се во согласност со условите и критериумте утврдени со огласот.

Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца утврдува листа на кандидати за доделување на награди и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

### Член 10

Одлуката за доделување на награди и признанија ја донесува Советот на Општина Ѓорче Петров по предлог на Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца.

## III. Награди и пофалници и признанија

### Член 11

Советот на Општина Ѓорче Петров ги доделува следните награди:

(1) Првенец на генерација на на Општина Ѓорче Петров (една награда)
(2) Награди и Пофалници за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности (I,II и III место и пофалници)
(3) Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др.
(4) Награда за истакнат педагошки работник (I,II и III место)

### Член 12

Првенецот на генерација на Општина Ѓорче Петров се избира од учениците кои го завршуваат основното образование во основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

### Член 13

Првенецот на генерација на Општина Ѓорче Петров се избира од редот на Првенците на генерација на основните училишта.

Предлозите за ученик кандидат за Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров ги даваат основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

Секое основно училиште е должно да поднесе предлог и соодветна документација за предложениот кандидат до Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца.

### Член 14

За првенец на генерација може да биде прогласен ученик кој покажува примерен однос во училиштето, континуиран одличен успех по сите наставни предмети во текот на школувањето, активно учествува во слободни ученички активности и ученичките организации, постигнува успеси во натпревари и имаат освоено награди дипломи и признанија.

### Член 15

Наградата за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделува на ученици кои покажуваат примерен однос во училиштето, одличен успех во тековната учебна година, активно учествуваат во слободни ученички активности, постигнуваат успеси во натпревари и имаат освоено награди дипломи и признанија.

### Член 16

Пофалница за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделува на ученици кои покажуваат примерен однос во

училиштето и постигнуваат успеси во одредени области и имаат освоено награди, дипломи и признанија.

**Член 17**

Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца ја разгледува комплетната приложена документација на сите кандидати за : Првенец на генерација на на Општина Ѓорче Петров (една награда) и Награди и Пофалници за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности I,II и III место и пофалници).

**Член 18**

Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца врши бодирање на кандидатите според следните критериуми:

За континуирано примерно поведение се доделуваат 5 бода;

За континуиран одличен успех се доделуваат 20 бода;

За учество во слободни ученички активности се доделуваат по 2 бода за секоја секција;

За одговорна улога во активностите на одделенската заедница, детска, хуманитарна или друга организација, на ученикот му се доделуваат по 2 бода за секоја поединечно во која постигнал одредени резултати;

За освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија во текот на учебната година на ученикот му се доделуваат бодови соодветно:

-На ниво на училиште

| | |
|---|---|
| Прво место | 4 бода |
| Второ место | 3 бода |
| Трето место | 2 бода |
| Пофалница | 1 бод |

-На општинско ниво

| | |
|---|---|
| Прво место | 7 бода |
| Второ место | 6 бода |
| Трето место | 5 бода |
| Пофалница | 2 бода |

-На градско или регионално ниво

| | |
|---|---|
| Прво место | 9 бода |
| Второ место | 8 бода |
| Трето место | 7 бода |
| Пофалница | 3 бода |

-На државно ниво

| | |
|---|---|
| Прво место | 12 бода |
| Второ место | 10 бода |
| Трето место | 9 бода |
| Пофалница | 4 бода |

-На меѓународно ниво

| | |
|---|---|
| Прво место | 20 бода |
| Второ место | 15 бода |
| Трето место | 13 бода |
| Пофалница | 7 бода |

**Член 19**

Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др. се доделува поединечно или групно на ученици кои постигнуваат успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија и ја промовираат Општината Ѓорче Петров.

Комисијата за образвание ја разгледува комплетната приложена документација на сите кандидати за Пофалница за постигнат особен успех во определени области и прави листа на предлози по претходно бодирање на кандидатите според критериумите од Член 18 кои се однесуваат на добиени награди, дипломи, пофалници, или признанија во текот на учебната година

**Член 20**

Награда за истакнат педагошки работник се доделува на наставници и стручни соработници за постигнат успех во воспитно образовниот процес.

Комисијата за образвание ја разгледува комплетната приложена документација на сите кандидати за Награда за истакнат педагошки работник и врши бодирање на кандидатите според следните критериумите:

За учество и освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија во текот на учебната година:

| | |
|---|---|
| -Учество на општински натпревари | 1 бод |
| -Освоени награди на општински натпревари | 2 бода |
| -Учество на градски или регионални натпревари | 2 бода |
| -Освоени награди на градски или регионални натпревари | 3 бода |
| -Учество на државни натпревари | 3 бода |
| -Освоени награди на државни натпревари | 4 бода |
| -Учество на меѓународни натпревари | 4 бода |
| -Освоени награди на меѓународни натпревари | 5бода |

За учество во проекти поддржани од Министрството за образование и наука или други образовни институции во изминатите 3 години на наставникот му се доделуваат 3 бода.

За стекнати сертификати од стручно усовршување, семинари, курсеви и симпозиуми од овластени институции во изминатите 3 години на наставникот му се доделуваат:

| | |
|---|---|
| - До три се сертификати | 3 бода |
| - Повеќе од 3 сертификати | 5 бода |

За авторство или коавтоство на учебници, стручна литература и други написи во публикувани во стручни списанија на наставникот му се доделуваат:

| | |
|---|---|
| -Автор на учебник | 5 бода |
| -Коавтор на учебник | 4 бода |
| -Автор на публикувани стручни написи и стручна литература | 3 бода |

## IV. Средства за доделување награди, признанија

### Член 21

Ученикот кој е прогласен за Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров добива плакета и вредна награда.

Учениците кои добиле награда или признание за постигнат особен успех добиваат посебна диплома и вредна награда.

Наставниците кои добиле награда за истакнат педагошки работник, пофалница или признание добиваат посебна диплома и вредна награда.

Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, платен престој во летувалишта, ученички прибор или некој друг предмет).

Видот и бројот на наградте ги утврдува Советот на Општина Ѓорче Петров по предлог на Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца.

### Член 22

Средствата за доделување награди, признанија и пофалници се обезбедуваат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1170/3**
**Од 13.05.2011година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измени на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 13.05.2011 година.

**Број 08- 1276/2**
**од 13.05.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27 и 29 од Законот за семејство (пречистен текст) 84/2008) и Законот за измени и дополнување на Законот за семејство (Службен Весник на Р.М.број 67/2010), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (*Сл. Весник на Р.М.* бр.5/2002), Решението за определување на матичните подрачја број 01-1833/3 од 22.12.2010 година донесено од Управата за водење на матичните книги и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 38-та Седница одржана на ден 13.05.2011 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**За измени на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се врши измена на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матичната служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров број 07-1769/4 од 18.06.2010 година и тоа : во член 1 се брише став 4 точка 1 односно се бришат зборовите *Во Месна канцеларија Волково,1. Даниела Николиќ*.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1170/4**
**од 13.05. 2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член член 6 од Правилникот за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров, Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров , распишува:

**К О Н К У Р С**
**за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Наградите, пофалниците и признанијата се доделуваат на ученици и наставници од основните училишта во Општина Ѓорче Петров поединечно и групно за особени постигнувања и успешни резултати на општински, градски, државни и меѓународни натпревари во кои учениците и наставниците го претставувале училиштето или општината во тековната учебна година.

**Советот на Општина Ѓорче Петров ги доделува следните награди:**

**(1) Првенец на генерација на на Општина Ѓорче Петров**
Првенецот на генерација на Општина Ѓорче Петров се избира од редот на Првенците на генерација на основните училишта.
Пријавените кандидати треба да достават потврда за успехот, поведението, учество во ученички активности, хуманитарни или други организации, награди, дипломи, пофалници и признанија за учество во натпревари во текот на школувањето.

(2) **Награди и Пофалници за постигнат особен успех во наставата и ученичките** активности
Наградата за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделува на ученици кои покажуваат примерен однос во училиштето, одличен успех во тековната учебна година, активно учествуваат во слободни ученички активности, постигнуваат успеси во натпревари и имаат освоено награди дипломи и признанија.
Пофалница за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделува на ученици кои покажуваат примерен однос во училиштето и постигнуваат успеси во одредени области и имаат освоено награди, дипломи и признанија.
Право на учество имаат учениците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.
Пријавените кандидати треба да достават потврда за успехот, поведението, учество во ученички активности, хуманитарни или други организации, награди, дипломи, пофалници и признанија за учество во натпревари за учебната 2010/2011.

**(3) Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др.**
Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др. се доделува поединечно или групно на ученици кои постигнуваат успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија и ја промовираат Општината Ѓорче Петров.
Право на учество имаат поединци или група на ученици кои постигнале успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија.
Пријавените кандидати треба да достават награди, дипломи, пофалници или признанија за учество во натпревари за учебната 2010/2011 .

**(4) Награда за истакнат педагошки работник**
Награда за истакнат педагошки работник се доделува на наставници и стручни соработници за постигнат успех во воспитно образовниот процес.
Право на учество имаат вработените во основните училишта во Општина Ѓорче Петров.
Пријавените кандидати треба да достават потврда за учество во проекти поддржани од Министрството за образование и наука или други образовни институции, потврда за авторство или коавтоство на учебници, стручна литература и други написи во публикувани во стручни списанија сертификатиод од стручно усовршување во изминатите 3 години и освоени награди, дипломи или признанија за учество во натпревари за учебната 2010/2011.

**Сите поединечни пријави се доставаат до матичното основното училиште ,а основното училиште сите пристигнати пријави ги доставува до Комисијата за образование, наука, социјална,здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров.**

**Конкурсот трае 15 дена од објавувањето.**

Скопје, 18.05.2011

**Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца**